Врз основа на член 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16) и член 10, 22 и 41 од Законот за Град Скопје (Службен весник на РМ бр 55/04),

**ГРАДОТ СКОПЈЕ**
Објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
**за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Град Скопје за 2021 година, наменети за финансирање и поддршка на програмите и дејноста на јавните установи од обласа на културата основани од Градот Скопје за 2021 година**

**I**

Градот Скопје ќе учествува во финансирање и поддршка на програмите и дејноста на јавните установи од обласа на културата основани од Градот Скопје во следните области:

1.1. Изведбени уметности
1.2. Музички уметности
1.3. Визуелни уметности и уметност на новите медиуми
1.4. Издавачка и библиотечна дејност
1.5. Музејска дејност, промоција на културното наследство
1.6. Меѓународна соработка

**II**

Градот Скопје ќе учествува во финансирање на програми, проекти и активности на јавните установи од обласа на културата основани од Градот Скопје согласно законската регулатива, а врз база на следните општи цели и критериуми:

- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство на градот Скопје;
- поттикнување и афирмирање на етничката разновидност и разноличност во културата;
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за град Скопје;
- промоција на културното наследство на градот Скопје;

- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- грижа за јавната инфраструктура  во рамките на културата и стимулирање на новите медиуми и истражувања во културата;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- поддршка и развивање на традиционалната културна продукција;
- воспоставување на соработка во рамките на предложениот проект со една или повеќе културни институци и и организации;
- организирање меѓународни фестивали што се одржуваат во Скопје;
- одбележување јубилејни настани и значајни датуми во културата;
- издавање на  книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од животот и историјата на Скопје;
- проекти чија цел е  развивање и промовирање на областите на културните и креативните индустрии;
- реализација на документарни филмови што се однесуваат на историјата и на современиот живот на градот Скопје;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конфернции, дебати кои обработуваат теми од животот и историјата на Скопје.
- соработка и учество на меѓународни манифестации, фестивали и во проекти врз основа на реципроцитет,
- програми и проекти од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на градот Скопје, а кои што имаат обезбедено финансиска поддршка (грант) од фондовите на Европската Комисија, УНЕСКО  или други меѓународни фондови;
- соработка и проекти со организации, установи и поединци  од збратимените градови со Град Скопје
  https://skopje.gov.mk/mk/apliciraj/javni-povici/ – линк на официјалниот портал на Град Скопје

**III**

Средствата за финасирање на дејноста на јавните установи и нивните програми, манифестациии и проекти, се утврдуваат со Буџетот на Град Скопје за 2021 година и  годишната програма за култура.

**IV**

Пријавувањето на Јавниот повик  се врши со доставување на пополнета пријава (апликација) во архивата на Град Скопје (барака 16)
Пријавите (апликациите) може да се подигнат во Секторот за јавни дејности - Одделение за култура на Град Скопје (барака 2) или од официјалната веб страница на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

**V**

Јавниот повик  трае од 15.09.2020 година односно, 30 календарски денови од денот на  објавување на  официјалната веб страница на Град Скопје www.skopje.gov.mk.
Пријавите, во пишана форма и електронска форма во WORD формат, треба да се доставаат до Град Скопје, преку пошта на адреса: Бул. „Илинден“ бр.82, 1000 Скопје, или во архивата на Градот  Скопје,  до 15:00 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот (14.10.2020 година), со назнака

**„Јавен повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Град Скопје за 2021 година, наменети за финансирање и поддршка на програмите и дејноста на јавните установи од областа на културата основани од Градот Скопје за 2021 година“.**

Резултатите од Конкурсот, со објавата на усвоената Програма за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на Градот Скопје за 2021 година, ќе бидат објавени во „Службениот гласник на Град Скопје“ и на официјалната веб страница на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

Дополнителни информации може да се добијат на следните телефони: 02/ 3297-324, 02/ 3297- 289 и на следната мејл адреса kultura@skopje.gov.mk.

**Градоначалник**
**на**
**Град Скопје**